РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМС УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4284/1
07.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Осми дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на член 76-в став 2 од Изборниот законик и во согласност со Меморандумот за соработка потпишан на 04.02.2016 година, Агенцијата го доставува дневниот извештај за Локалните избори 2025 година за активностите спроведени на 06 октомври 2025 година.

Ве известуваме дека Агенцијата го изработи и го објави на својата интернет страница Извештајот од мониторингот во периодот од распишување на изборите до почетокот на кампањата (10 август – 28 септември 2025 година). Во извештајот е утврдено дека вестите на телевизиите на државно ниво што беа предмет на мониторинг, содржеа релативно мал број прилози за Локалните избори. Најмногу внимание беше посветено на неизвесноста околу статусот и настапот на независните кандидат(к)и, на активностите на ДИК и на најавите за можни коалиции, додека предизборниот контекст најчесто се одразуваше преку извештаи за јавни отчетни активности и меѓупартиски обвинувања.

Сите информативни редакции, секоја со одлики на свој новинарски/уредувачки приод, доминантно покажаа интерес и околу неколку други актуелни теми - пожарите, но и економските и здравствено-еколошките последици од нив, евроинтеграциите, активностите на Владата, и последиците од пожарот во дискотеката Пулс во Кочани.

Медиумите генерално се придржуваа кон начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, при што на публиката би ѝ се овозможило слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања од член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ. Исклучок беа две телевизии. ТВ Алфа не го почитуваше ова начело од квантитативен (одвоеното време) и од квалитативен аспект (преку позитивно врамување и тон во вестите и интервјуата за ВМРО ДПМНЕ и Владата и негативен тон и врамување во вестите за СДСМ), додека ТВ Алсат-М ова начело не го почитуваше доследно поради негативниот тон и врамување за ДУИ во прилозите од вестите.

Јавниот радиодифузен сервис преку редовните информативни содржини ги исполни обврските за информирање на јавноста за изборниот процес. Емитуваше и дебатни емисии, но не со соочувања меѓу најголемите партии од власта и опозицијата, како што предвидува член 76-а став 11 од Изборниот законик, туку со политички аналитичари кои ги коментираа анкетите и предизборната реторика. Неколку комерцијални телевизии, исто така, вложија напори Локалните избори 2025 година да ги анализираат и преку посебни информативни емисии (интервјуа, дебати и други информативни програми).

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Во периодот од распишување на изборите до почетокот на кампањата не се констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик кои беа предмет на мониторинг на Агенцијата.

Воедно, Ве известуваме дека на 06 октомври 2025 година кон Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми пристапи и Група избирачи Марјан Калевски - Зелен хуман град.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**